**20090701243**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Врз основа на член 11 став (1) алинеа 9 од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08), министерот за економија донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ВО ПОСТАПКИТЕ ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА И ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА И ОЦЕНА НА ТЕХНИЧКАТА СОСТОЈБА НА ВОЗИЛАТА

Член 1

Со овој правилник се пропишува висината на трошоците во постапките за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата.

Член 2

(1) Висината на реални трошоци за водење на постапките од член 1 на овој правилник се определени врз основа на калкулативни параметри за вршење на услугите во постапките за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата.

(2) Основа за утврдување на калкулативните параметри за формирање на цената на услугите во постапките за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата е потребното време за извршување на работите за поедините активности во постапките за одделни категории возила како и вредноста на часот за извршување на работите.

Член 3

(1) Вредноста на часот за извршување на работите од член 2 став (2) на овој правилник се утврдува годишно врз основа на просечната цена на часот според одредбите од членот 3 став (3) од Одлуката за висината и начинот на наплатувањето на надоместокот за услугите што ги врши Бирото за метрологија и овластеното правно лице („Службен весник на Република Македонија“ бр.51/04) за претходната година.

(2) Износот на трошоците за вршење на услугите во постапките за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата се дадени во Прилог на овој правилник и е негов составен дел.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 25-5451/2
27 мај 2009 година
Скопје

Министер,
**Фатмир Бесими**, с.р.

**ПРИЛОГ**

## ИЗНОСОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ ВО ПОСТАПКАТА ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА И ВО ПОСТАПКАТА ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА И ОЦЕНА НА ТЕХНИЧКАТА СОСТОЈБА НА ВОЗИЛОТО

| Ред. Бр. | Вид на возило | Категорија | Висина на трошоците во постапките (во денари) | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Иденти-фикација | Идентификација и оценка на техничката состојба |
| 1 | Моторцикли, мопеди и моторни трицикли | L | 855,00 | 1.710,00 |
| 2 | Патнички и лесни товарни возила | M1, N1 | 1.425,00 | 2.850,00 |
| 3 | Автобуси, камиони, тегначи | M2,M3, N2,N3 | 2.850,00 | 5.700,00 |
| 4 | Приклучни возила со маса до 750 кг | O1 | 855,00 | 1.710,00 |
| 5 | Приклучни возила со маса од 750-3500 кг. | O2 | 1.425,00 | 2.850,00 |
| 6 | Приклучни возила со маса над 3500 кг | O3, O4 | 2.140,00 | 4.280,00 |

Во трошоците е пресметан ДДВ од 18%.